*ОПШТИНА КАРПОШ*
*ГРАДОНАЧАЛНИК*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

УП 1 Број: 45-535
Датум: 24.09.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 35 а во врска со чен 51, став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Градоначалникот на Општина Карпош, го донесе следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

за организирање на јавна презентација и јавна анкета за Архитектонско - урбанистички проект за формирање на ГП 1.2.1 и ГП 1.2.2, со препарцелација на ГП 1.2 со основна класа на намена Г3 - сервиси, од ДУП за дел од локалитетот Момин Поток, Општина Карпош.

Јавната анкета за Архитектонско - урбанистички проект за формирање на ГП 1.2.1 и ГП 1.2.2, со препарцелација на ГП 1.2 со основна класа на намена Г3 - сервиси, од ДУП за дел од локалитетот Момин Поток, Општина Карпош, ќе се одржи од 27.09.2018 година до 03.10.2018 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Јавната презентација за Архитектонско - урбанистички проект за формирање на ГП 1.2.1 и ГП 1.2.2, со препарцелација на ГП 1.2 со основна класа на намена Г3 - сервиси, од ДУП за дел од локалитетот Момин Поток, Општина Карпош. ќе се одржи на ден 01.10.2018 година во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Границата на проектниот опфат се поклопува со границата на ГП 1.2 од ДУП за дел од локалитетот "Момин поток", Општина Карпош. Од север граничи со ГП 1.1, од југ со ГП 1.3, од исток со заштитен појас (заштитно зеленило) на Магистралниот пат Скопје - Качаник, а од запад со Новопроектирана улица "1" преку која сообраќајно ќе се поврзе со останатата улична мрежа.

Површината на опфатот на просторот за кој се однесува овој Архитектонско-урбанистички проект изнесува П= 1496,82 м2.

Анкетните листови за учество ва Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и на системот Е-урбанизам

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета, графичкиот приказ за Архитектонско - урбанистички проект за формирање на ГП 1.2.1 и ГП 1.2.2, со препарцелација на ГП 1.2 со основна класа на намена Г3 - сервиси, од ДУП за дел од локалитетот Момин Поток, Општина Карпош и подетални информации за истите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk и на системот Е-урбанизам.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица, можат да достават забелешки на анкетни листови во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и во електронска форма преку информацискиот систем Е-урбанизам. согласно член 35 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев